# КСС предлага: Неработни денови за сите во јавниот и приватниот сектор во април, на товар на државата

**Платформа на легитимни синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации за борба против Ковид 19**

Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија – КСС иницираат креирање на една зедничка платформа, во која би се приклучиле сите легитимни и релевантни организации кои во рамките на своето делување ќе придонесат кон заедничко справување со епидемијата, за нејзино поскоро завршување, а потоа и за побрзо заздравување на стопанството во нашата држава.

Платформа на синдикати, организации на работодавачи, граѓански организации и асоцијации

План за заштита на здравствени работници

---

# РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР НА СОНК –

# ВЕЛЕС ЈА ОДРЖА СВОЈАТА ПРВА СЕДНИЦА

Регионалниот одбор на СОНК – Велес, по спроведените избори за претседател на на Регионален одбор и на синдикални организации, на ден 27.01.2022 година (четврток) ја одржа својата прва работна седница, на која беше конституиран и Регионалниот одбор.

На работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на Регионалниот одбор, а посебен акцент беше ставен на прашањата по однос на Заклучоците донесени од страна на Советот на СОНК, особено во делот на зголемување на платите и други придобивки од Колективните договори кои се во завршна фаза на нивно донесување. Воедно, се дискутираше и за текот и начинот на трансформација на работните места на локално ниво, како и почитување на актите на СОНК и правата кои произлегуваат од нив за членовите на СОНК.



По опширната дискусија, Регионалниот одбор со заеднички став одлучи да се преземат чекори за одржување на работни средби со социјалните партнери, а со цел надминување на одредени проблеми кои ги засегаат вработените во установите од дејностите на детска заштита, основно и средно образование, наука и култура.

# Учесниците од СОНК успешно ја завршија обуката за наставник – едукатор

Во рамки на проектот „Одржување на благосостојбата на младите наставници во училиште" („Sustaining Young Teachers' Wellbeing at School" – YouWell), 2022-1-BG01-KA220-SCH-000085901, во периодот од 7 до 11 јули 2023 година, во Софија, 15-те наставници кои беа избрани од Македонија, Бугарија и Словенија за имплементација на овој проект,  успешно ја завршија обуката за наставник – едукатор.



Обуката "Mentoring through coaching" беше  реализирана од страна на тимот на организациите: National Management School од Бугарија и New Mindset Coaching & Training од Белгија. Истата имаше за цел следење и поддршка на наставници кои се

нови во професијата во овие земји, односно поддршка на свои колеги кои се на почеток на својата кариера како наставници, а практичната реализација на стекнатите знаења од обуката ќе започне од месец октомври 2023 година.

Програмата имаше за цел да создаде поддршка и мотивација за подобра меѓусебна соработка и развој на вештини кои се потребни за следните чекори.



Во овие 5 дена, во просториите на Social Innovators во Бугарија, учесниците го започнаа своето патување и мотивирано се впуштија во откривање и учење, каде главниот фокус беше ставен на развивање суштински вештини за „обучување“ кои излегуваат надвор од училницата – вештини за живот! Овие вештини за „обучување“ ќе ги поттикнат сите учесници во програмата да станат уште подобри комуникатори, слушатели и решавачи на проблеми, што е основа за личен и професионален развој. Преку примена на иновативниот формат “Clarity Check-in Series” беше воведена техниката на емпатија и разбирање меѓу наставниците – едукатори, а преку креативните картички за проектот DiArc се поттикнуваа креативноста и имагинацијата, овозможувајќи им на учесниците да размислуваат “надвор од кутијата” и да истражуваат нови перспективи. Игрите со LEGO се покажаа како неочекувана алатка за помагање на обучуваните наставници – едукатори да ги идентификуваат своите цели и да се замислат себеси како ефикасни наставници – едукатори. На општо задоволство на сите, се изгради една заедница на високо-мотивирани наставници – едукатори, подготвени да остават трајно влијание во образовниот процес.



Патувањето продолжува од месец октомври, кога овие 15 наставници – едукатори ќе започнат со работа во своите земји, со своите колеги и ќе продолжат на оваа нова патека на менторство која се открива пред нив.

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ГИ УТВРДИ КОНГРЕСНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Највисокиот орган на одлучување помеѓу два Конгреса, Советот на СОНК, на својата 28 – ма редовна седница утврди повеќе документи кои се од стратешко значење за претстојниот VII Конгрес на СОНК. Имено, по скоро еден месец јавна расправа во близу 600 синдикални организации на СОНК во целата држава, со можност за разгледување и давање на соодветни конструктивни забелешки и изјаснување по одредени прашања, Советот на СОНК го утврди конечниот текст на документите кои ќе бидат пред делегатите на Конгресот. На седницата беше утврден текстот на следниве документи: Извештај за работа на СОНК во овој мандатен период, Програма за работа во новиот мандатен период, статутарни измени, утврдување на кандидат (и) за претседател на СОНК, деловник за работа на Конгресот, членови на надзорен одбор на СОНК, избор на работни тела на Конгресот итн.

Советот на СОНК, по добиените записници од 20 Регионални одбори, а врз основа на изјаснувањето на синдикалните организации на СОНК, како единствен кандидат за претседател на СОНК на претстојниот Конгрес го утврди досегашниот претседател Јаким Неделков, кој доби поддршка од 17 Регионални одбори.

VII Конгрес на СОНК ќе се одржи на 13 октомври 2021 година во Скопје, на големата сцена во Македонскиот народен театар, со почитување на пропишаните протоколи за работа и заштита за време на пандемија.

---

# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ РАКОВОДСТВОТО НА СОНК И МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Како што веќе беше најавено, во текот на денешниот ден се одржа работна средба помеѓу раководството на СОНК и министерката за труд и социјална политика, на која што беа присутни над 50 претседатели на синдикални организации на СОНК од градинките.

Работната средба се одржа во конструктивна атмосфера, на која што се расправаше за прашања кои и СОНК и МТСП сметаат дека што поскоро треба да се затворат како реален проблем.




На исцрпната расправа се дојде до констатација дека во периодот што следи МТСП и СОНК ќе работат на усогласување на ставовите во однос на отворените прашања и дека ќе излезат со заедничка информација во врска со новиот предлог-Закон за детска заштита како и со нацрт-текст на Колективниот договор за оваа дејност, усогласен со новиот закон за детска заштита. Нашето очекување е дека со соодветните законски измени ќе се дојде до системско решение со што вработените во детската заштита трајно ќе имаат можност за кариерен развој, утврдување на критериумите за напредување во кариерата, систем на наградување на трудот на вработените и други прашања кои што ќе се доуредат со Колективниот договор.

Исто така, на работната средба беа отворени повеќе прашања во надлежност на СОНК и МТСП, а во врска со подобрување на условите за работа, намалување на административните обврски на негователите и воспитувачите, просторните капацитети и друго.

---

# РЕАКЦИЈА НА СОНК ПО ОДНОС НА

# ИЗЈАВАТА НА ПЕТАР АТАНАСОВ,ВИСОК ФУНКЦИОНЕР НА СДСМ

## КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ,ВКЛУЧИТЕЛНО И КОЕФИЦИЕНТОТ ЗА КЛАСНО РАКОВОДСТВО, ВАЖАТ САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, најостро реагира на изјавата на Петар Атанасов, член на највисокото раководство на СДСМ, дадена денес ( 23-09-2016 година),во изјава за средствата за јавно информирање. Со изјавата, во која споменатиот висок преставник на оваа политичка партија, изнесе исклучително исконструирани невистини против СОНК, со што направи грубо кршење на Уставот на Република Македонија, во делот на гарантирана слобода на организирање и делување на синдикатите, Законот за работни односи, повеќе меѓународни конвенции ,кои ги има ратификувано нашата држава и други правни акти. Отфрлајќи ги изнесените небулози, кои не би требало да си ги дозволи ни сосема неупатен човек во споменатите правни акти, а секако пресметано дадени со цел да му нанесе штета на угледот и вкупното функционирање и работење на најголемиот грански Синдикат во Република Македонија, Петар Атанасов убедени сме дека се судри и со повеќе членови од Кривичниот закон во Република Македонија.

Тврдењето на Петар Атанасов, дека СОНК со  писмен допис им забранувал на директорите на училиштата да распоредуваат класни раководства на наставниците кои не се членови на СОНК, ги надминува сите граници кои можат да бидат толериранина. Патем кажано, СОНК има голема документација за вакви или слични однесувања на високи претставници на СДСМ и во времето

кога истата раководеше со Владата на Р. Македонија ( 2002-2006 година). Како потсетување:- блокирање на ж-ро сметките на СОНК повеќе од 1 месец во 2005 година, без никаква основа; исклучување на службените телефони на СОНК ; асистирање за бркање на раководството на СОНК од зградата на Работнички дом; целосно инволвирање на фингирање на т.н. Конгрес и обид за формирање на паралелен синдикат со исто име и … списокот е многу долг и затоа тука ќе го завршиме овој дел. И тогаш, а сигурно и сега резултатот од ваквите очајнички обиди за пресметка со СОНК, кој никогаш не одработува за политичките партии, секако вклучително и за СДСМ, ќе им биде зачленување во нашиот Синдикат и на оној многу мал дел на вработени во образованието, кои не се членови, токму од ,, пријателското” убедување од СДСМ.

Вистината, спротивно со изнесената тешка невистина од страна на Атанасов е – утврдениот дополнителен коефициент во висина од 0,20 за класно раководство во основните и средните училишта со Колективните договори за двете дејности, што СОНК ги има потпишано со Министерството за образование и наука и кои важат само за членовите на нашиот Синдикат, како што впрочем е секаде во современите држави. Иако можеби е одвишно, ама сепак ќе го кажеме аргументот дека Синдикатот не брани интереси на сите работници, туку само на тие, кои доброволно се зачлениле во таа организација и со тоа му пренеле овластување за застапување со надлежните органи во врска со правата и обврските од работен однос. Значи, законското право и обврска на директорите да распоредуваат класно раководство на наставници, кои ги исполнуваат условите за тоа, СОНК ниту може, ниту го брани тоа,. Но, за тие наставници кои не се членови на СОНК, не може да се примени споменатиот додаток утврден со колективните договори или уште појасно кажано, ќе биде исто како во времето на СДСМ кога ја остваруваше власта, а наставниците тоа добро го знаат, немаше додаток за класно раководство. Се наметнува, само по себе прашањето, што ќе го упатиме до Петар Атанасов – кој му е аргументот, во денешните тврдења, дека СОНК ги намалил правата, кога непобитни се

фактите дека СОНК, особено во последните десетина години ги зголеми платите во образованието повеќе од двојно, секако преку социјален дијалог и соодветни договори и документи со ресорното Министерство, трансформирани се повеќе од 9.000 работни места од определено на неопределено работно време, нема технолошки вишоци и покрај намалениот број на ученици заради проблемот со наталитетот… и нема Закон за замрзнати плати , како што беше од 1992 до 2002 година.

Ете тоа се дел од причините поради кои со никакви лаги, закани , притисоци, шарени ветувања не успеваат тие што сакаат да го нема СОНК. Но, тие што го кршат Уставот и законите, како што денес го направи Петар Атанасов, ќе треба да дадат одговор во меѓународните синдикални организации, во кои СОНК е редовна членка, во Меѓународната организација на трудот , пред претставниците на меѓународната заедница во Р. М. и други надлежни организации и органи.

---

# НЕКА НИ Е СРЕЌЕН СВЕТСКИОТ ДЕН НА УЧИТЕЛИТЕ

---

# РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА СО ДЕМАНТОТ НА МТСП

# ЗАКОНИТЕ НЕ СМЕЕ НИКОЈ ДА ГИ КРШИ, А СОНК СЕКОГАШ НАЈ ОСТРО ЌЕ СЕ СПРОТИВСТАВУВА НА ТАКВИТЕ ПОЈАВИ

## УШТЕ ЕДНАШ СЕ ДОКАЖА ДЕКА НЕВИСТИНАТА ИМА КРАТКИ НОЗЕ

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура – СОНК, во врска со Демантот доставен од страна на Министерството за труд и социјална политика, на 31.03.2016 година, а во врска со изнесените информации од страна на раководството на СОНК, на прес конференцијата на истиот датум, ја доставува следната реакција:

- СОНК е изненаден од обидот на одредени одговорни лица од МТСП, со целосни невистини да се покрива евидентното кршење на одредби од Уставот и законите на Република Македонија, во случајов во делот на слободата на синдикално организирање и делување.
- Документацијата што СОНК ја поседува, како и безброј остварени директни или телефонски разговори со најодговорните во Кабинетот на Министерот за труд и социјална политика, многу јасно укажуваат и се необорлив доказ дека МТСП, како ресорно министерство најзадолжено за спроведување на законите од делот на работните односи направи невиден преседан, рамен на скандал, за кое сме сигурни нема да помине без да следи конкретна одговорност.
- Се што беше изнесено на прес конференцијата на СОНК е цврсто поткрепено со пишуван кореcподентен материјал помеѓу СОНК и МТСП, со заведени и заверени документи од овластени лица на двата субјекти.
- И со денешниот ден, според званични информации од Централниот Регистер на РМ, последните неколку месеци до нив нема доставено ниту едно барање за промена на овластен претставник во синдикална организиацја или

формирање на нова синдикална организација на СОНК, од страна на МТСП.

- СОНК повеќе од деценија и половина непоколебливо опстојува на линијата на максимално коректен и конструктивен социјален партнер, согласно Уставот и законите на Република Македонија, и никогаш нема да го напуштиме тој докажан наш курс кој важи и денес. Притоа, сакаме да укажеме дека ништо нема да не поколеба во оваа единствено исправна политика на социјално партнерство и дијалог и дека сите обиди да бидеме ставани во било какви сфери на влијание, преку притисоци или други начини познати за тие што се обидуваат надвор од законот да дојдат до незалужени позиции, СОНК енергично и без размислување гарантира дека таквите сили ќе бидат поразени.

---

# ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК

**УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

**ЗГОЛЕМЕНА ВИСИНАТА НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОСНОВИТЕ ЗА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД СИНДИКАЛНИОТ ФОНД НА СОНК**

Како и секоја година, согласно Статутот на СОНК, Надзорниот одбор на Синдикалниот фонд на СОНК, врз основа на документацијата изготвена од независно сметководствено биро, на ден 10-03-2020 година го разгледа Извештајот за финансиското работење на Синдикалниот фонд на СОНК за 2019 година. Од членовите на Надзорниот одбор беше констатирано дека сите навремено пристигнати документи, по сите основи, се реализирани и дека Синдикалниот фонд работи со позитивни финансиски резултати и на општо задоволство на членовите кои се корисници на Фондот.

Истиот ден, беа одржани и седници на Управниот одбор и Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК, на кои беа отворени повеќе прашања во врска со начинот на работењето на Синдикалниот фонд и можностите за воведување на евентуални нови поволности, се со цел да се обезбедат поповолни услови и потреби на членовите во синдикалните организации, членки на Синдикалниот фонд, секако врз основа на финансиските можности на Фондот.

По опширната расправа од страна на членовите на Собранието на Синдикалниот фонд, кој патем да споменеме дека го сочинуваат по еден преставник од регионалните одбори на СОНК, секако од синдикалните организации кои се членки на Фондот, заеднички беше констатирано:

- Синдикалниот фонд на СОНК е од огромно значење и потреба за членовите на СОНК и сите синдикални организации, членки на Фондот се презадоволни од функционирањето и во пресрет на потребите на членовите.
- Согласно барањето на членовите на Фондот,ако минатата година за поголем процент се зголеми износот на синдикалниот кредит и тоа од 15.000 на 18.000 денари, кој единствено се враќа, за разлика од останатите основи кои се неповратни средства, оваа година треба да се обрне внимание и да се воведат новини по другите основи.

- Согласно финансиските можности, по предлог на Управниот одбор на Синдикалниот фонд, Собранието едногласно го усвои предлогот за зголемување на основицата за пресметување на неповратни средства или поточно од 6.000 денари на 8.000 денари, што е за повеќе од 30%. Овде мора да се напомене дека не влегуваат основите за остварување на неповратна помош кои, согласно Правилникот на Синдикалниот фонд, се исплатуваат процентуално од направените трошоци, односно болничко лекување и набавка на лекови и други медицински помагала.
- Како предлог, едногласно беше усвоен од членовите на Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК и за воведување на нов основ за остварување на неповратна помош во случај на подолготрајно боледување. Имено, по овој основ, членките на Фондот имаа право на надомест за непрекинато боледување над 60 и 90 дена,кој основ се зголеми и за над 120 дена за непрекинато боледување.
- Исто така е зголемен износот на неповратната помош за студенти кои студираат во нашата држава на одалеченост над 35 км од местото на живеење и тоа од 3.000 на 4.000 денари.
- Како новина, која произлезе како потреба од евентуална злоупотреба, при аплицирање за користење на безкаматниот кредит, жирантите ќе треба да достават и фотокопија од личните карти.

На крајот од седницата, од страна на Собранието на Синдикалниот фонд, беше констатирано дека членството освен што ќе биде информирано за овие донесени измени и дополнувања на Правилникот за користење на средствата на Синдикалниот фонд на СОНК, Стручната служба на Советот на СОНК, во иднина да изготви Прирачници, преку кои, секој член би се информирал за правата и основите за користење на средствата од Синдикалниот фонд на СОНК.

# ПРВА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ СОНК И МОН

## ОТВОРЕНИ ПОВЕЌЕ ПРАШАЊА ОД ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

По иницијатива на раководството на СОНК, на ден 13 – 07-2017 година се оствари работна средба во Министерството за образование инаука, на која од страна на СОНК присуствуваа претседателот на СОНК, Јаким Неделков и генералниот секретар, Весна Неделковска, додека од страна на Министерството за образование и наука, министерот за образование и наука, г- ѓа Рената  Тренеска Десковска.

На работната средба, од страна на СОНК беа отворени повеќе прашања од синдикален аспект, а  во интерес на правата од работен однос и колективните договори на членовите на СОНК од дејноста образование и наука, како и прашања кои би го подобриле воспитно – образовниот процес. Се разговараше и за итната потреба од  склучување на Колективен договор за високо образование и наука.

Особено се обрна внимание на прашањето околу социјалниот дијалог и партнерство и значението на репрезентативноста на нашиот синдикат на сите нивоа и учеството на СОНК во сите сфери на креирање на образовната политика во Република Македонија.